# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## МАЈ 2024 г.







**Започна велигденската пограма во кочанскиот Градски парк**

Во пресрет на големиот христијански празник Велигден, започна Велигденскиот хепенинг во Градскиот парк во Кочани.

Јавната општинска установа детска градинка „Павлина Велјанова“ – Кочани приреди Велигденски пазар на можности и музички настапи на дечињата, а во програмата се претставија и ученици од ОУ „Никола Карев“.

ЈОУ Библиотека „Искра“ организира Велигденска работилница, а во знакот на големиот христијански празник Школата за цртање и сликање при Центарот за култура „Бели мугри“ – Кочани приреди велигденски ликовен перформанс.

Младинската банка Кочани, којашто е поддржана од ФРЛЗ – Штип, одржа Велигденска работилница.

Забавните содржини продолжуваат со ѕвездите од „Дајте музика“.



**Велигденска честитка од градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов**

По повод големиот христијански празник Велигден, градоначалникот на Општина Кочани, Љупчо Папазов до верниците од православната вероисповед упати честитка, во која стои:

„Почитувани сограѓани,
Во пресрет на најголемиот христијански празник Велигден, дозволете ми да Ви го честитам Вам, на сите православни верници и да Ви посакам Христова љубов,

| | |
|---|---|
| | здравје и спокој во секој дом.<br><br>Празнувајќи го Христовото воскресение ја славиме безусловната љубов и мирот меѓу сите луѓе на светот, ја чуваме нашата традиција, нашето духовно културно наследство, затоа да се радуваме заедно со радоста велигденска и сплотено да го прославиме со најблиските и семејството.<br><br>Нека Ви е честит и вековит Велигден!“ |
|  | **Завршија градежните активности за модернизација на преминот на железничката пруга Велес – Кочани на дел од улицата „Никола Карев“**<br><br>Заврши реализацијата на градежните активности за модернизација на преминот на горниот строј на пругата Велес – Кочани, на патниот премин „Основен суд“, на дел од ул. „Никола Карев“ во Кочани.<br><br>На премините е поставена гумена подлога со цел да се олесни минувањето на возилата и да се забрза протокот на сообраќајот, со што сообраќајот сега се одвива во нормален тек.<br><br>Општина Кочани повикува на почитување на сообраќајните правила и прописи. |
|  | **Рехабилитирана улица во селото Бели**<br><br>Завршија активностите за рехабилитација на улица во должина од 400 м, во селото Бели.<br><br>Во рамките на градежните активности извршена е надградба на асфалт од 5 см.<br><br>Вредноста на инвестицијата изнесува 1.034.000 денари. Градежните активности ги изведе фирмата „Стоименов“. |
|  | **Еколошки акции во „Генералка викенд“**<br><br>Општина Кочани се вклучи во најголемата еколошка акција во државата, „Генералка викенд 24“. Со еколошката акција во Кочани се расчистија повеќе локации во градот.<br><br>Во акцијата учествуваа вработени во општинската администрација, КЈП „Водовод“, ученици од основно и средно образование и децата од ЈОУДГ „Павлина Велјанова“ – Кочани.<br><br>Во интерес на заштита на животната средина, Општина |



Кочани започна и со расчистување на дел од левата страна на потегот над месноста Бавчалук пред излетничкото место Гоцева Шума, во правец кон езерото Гратче.





**Се работи на модернизација на железничкиот премин кај Ветеринарната станица во Кочани**

Во тек се градежните активности за модернизација на преминот на горниот строј на пругата Велес – Кочани, на патниот премин „Ветеринарна станица“, на дел од ул. „Лазар Андонов“ во Кочани.

На преминот се поставува гумена подлога со цел да се олесни минувањето на возилата и да се забрза протокот на сообраќајот.

Претходно, заврши модернизацијата на преминот преку железничката пруга кај Основниот суд, со што се отстранети проблемите што предизвикуваа тешкотии во движењето на возилата на овој дел од улицата „Никола Карев“.





**Градежни активности на неколку локации во селото Тркање**

Во тек се градежни активности за бетонирање улици во селото Тркање.

Изведувачот на работите, градежната фирма „Коле транс“ заврши со бетонирањето на пристапна улица „Никола Зафиров“, чија должина е 125 м., а за бетонирање се подготвува уште еден уличен крак во должина од 80 м.

Согласно Урбанистичкиот план вон населено место со намена за површински соларни и фотоволтаични електрани во местото викано Страна, во тек е пробивањето на пристапен пат низ месноста Средни Рид во Тркање. Работите за пробивање на пристапниот пат во должина од околу 1 000 м ги изведува фирмата „Калина“ од Оризари.

**Започна 61. Драмски аматерски фестивал**

Под мотото „Знаеме што сме, не знаеме што можеме да бидеме“, во Кочани започна 61. издание на Драмскиот аматерски фестивал.

Фестивалот го отвори градоначалникот на Општина







Кочани Љупчо Папазов.

– Годинава, кога Кочани слави 100 години од фудбалот во градот, 80 години од загинувањето на Љупчо Сантов и Раде Кратовче – борците на кои им ја должиме слободата, 100 години од раѓањето на уметникот и хуманист Стево Теодосиевски, Драмскиот аматерски фестивал влегува во својата седма деценија. Кочани знае да ја цени уметноста, знае да создаде историја. Ако беше лесна организацијата ќе ни го земеа, затоа да го чуваме одговорно, да го негуваме и да ја одржуваме традицијата – истакна Папазов во своето обраќање.

Поттикнат од отсуството на театарска претстава од градот домаќин, градоначалникот го истакна значењето на аматерското движење како основа на професионалниот театар и повика актуелните театарски и филмски имиња што ја почнале својата кариера од сцената во Кочани да дадат поддршка во негувањето на драмскиот аматеризам во Кочани.

Фестивалот го отвори претставата „Вечера за глупаци“ во изведба на Народниот театар „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ од Велес. До 26 мај, публиката ќе може да проследи 16 театарски претстави од десетина домашни аматерски театри и состави од Република Србија: Ниш, Крагуевац, Прокупље и Смедеревска Паланка.

Претседателка на ДАФ е Кристина Атанасова Арсова, селектор е Игор Џамбазов, а за најуспешните претстави ќе решава жирито во состав: Пеце Ристевски, Елеонора Теова и Ненад Витанов.





**Одбележан Меѓународниот ден на пчелата**

Пчеларското здружение „Матица“ од Кочани го одбележа Меѓународниот ден на пчелата, со отворање на ликовната изложба „Светот на пчелата“ во НУЦК „Бели мугри“.

На настанот, чија цел е да се укаже на значењето на пчелите како главни опрашувачи во природата од кои зависи опстанокот на планетата, присуствуваа градоначалникот Љупчо Папазов и секретарот на Општина Кочани Драган Ананиев.

На изложбата беа истакнати ликовни и литературни дела од ученици од основните кочански училишта и беа наградени најдобрите.

| | |
|---|---|
|   | **Одбележан 20 Мај – Денот на македонските пожарникари**<br><br>По повод 20 Мај, Денот на македонските пожарникари, ТППЕ – Кочани организира прослава во кругот на Територијалната противпожарна единица.<br><br>Градоначалникот Љупчо Папазов им го честита празникот, ја истакна благодарноста кон нивната хумана професија и им ги врачи наградите.<br><br>Наградата за најдобар пожарникар во 2023 година му ја додели на Благојчо Паунов од ТППЕ – Кочани, а Наградата за најдобар доброволен пожарникар му беше врачена на Дејан Минов од ДПД – Кочани. |
|  | **Нови садници на улиците „Борис Трајковски“ и „Стево Теодосиевски“ во Кочани**<br><br>На улицата „Борис Трајковски“, која е во фаза на рехабилитација, се сади млада високостеблеста вегетација.<br><br>Според комуналниот инспектор, на тротоарот спроти Зелениот пазар, се засадени 17 стебла топчест јасен и црвена слива.<br><br>На тротоарите на улицата „Стево Теодосиевски“ се обновени искршените стебла. Дополнувањето и обновувањето на јавните површини со нови садници ќе продолжи и наредниот период.<br><br>Општина Кочани апелира до граѓаните грижливо и совесно да се однесуваат и да не го оштетуваат зеленилото. |
|  | **Активности за подобрување на безбедноста на децата во сообраќајот**<br><br>Во пресрет на 24 Мај – Денот на сесловенските просветители, Свети Кирил и Методиј, претставници од Општина Кочани, Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата, МВР и ученици од СОУ „Гошо Викентиев“ реализираа едукативна средба со третоодделенци од ОУ „Свети Кирил и Методиј“ во Кочани.<br><br>Настанот има цел да придонесе во унапредувањето на безбедноста на децата, како една од најранливите категории учесници во сообраќајот. Учениците добија печатени едукативни материјали, совети и препораки за безбедно однесување во сообраќајот. |

| | |
|---|---|
|  | Слични активности ќе се реализираат и наредниов период. |
|  | **Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов го честита 23 Мај – Националниот ден на Власите**<br><br>На сите припадници на влашката заедница им го честитам празникот со искрени желби за понатамошен успех во негувањето на влашката култура и традиција.<br><br>Одбележувајќи го овој ден, оддаваме почит кон вековните стремежи за промоција на влашката заедница и потврдувањето на нејзините идентитетски, традиционални и културни вредности.<br><br>Придонесот на Власите во унапредувањето на меѓусебните односи претставува пример за нашите поколенија за успешно градење на мултиетничко и мултикултурно општество.<br><br>По повод празникот на Власите ги упатувам моите искрени честитки и заложби за општа благосостојба, меѓусебно почитување и разбирање, мир и здравје на сите граѓани на Македонија. |
| <br><br> | **Основното општинско училиште „Свети Кирил и Методиј“ го одбележува патрониот празник**<br><br>По повод 24 мај – Денот на сесловенските просветители, светите браќа Кирил и Методиј, општински делегации, раководниот, наставниот кадар и првачиња од ООУ „Свети Кирил и Методиј“ положија свежо цвеќе на споменикот во училишниот двор.<br><br>Одбележувањето на патрониот празник ќе продолжи со свеченост што ќе се одржи вечерва во холот на училиштето, на која ќе бидат прогласени ученикот на генерацијата и пофалените ученици. Присутните гости ќе имаат можност да проследат музички точки, драматизација, настап на училишниот хор, а обраќање ќе има в. д. директорката Христина Симова Јовановска. |
| | **Инсталирани фотоволтаични системи во ОУ „Никола Карев“, СОУ „Гошо Викентиев“ и на Фабриката за вода** |

| | |
|---|---|
| <br> | Во рамките на проектот „Инсталација на фотоволтаични системи на јавни објекти во Источниот Плански Регион“ на кровната конструкција на ОУ „Никола Карев“ се инсталираа фотоволтаични панели со моќност од 40 киловати.<br><br>– Вкупната вредност на инвестицијата е околу два милиона денари, а предвидено е да се постават фотоволтаични панели на целиот кров, односно на површина од околу 800 квадратни метри. По завршувањето на градежните работи фотоволтаичната централа ќе се приклучи на постојната електрична инсталација во училиштето. Со ова, очекуваме значително да ги намалиме трошоците за струја и воопшто во работењето, изјави Александар Андов, директор на ОУ „Никола Карев“.<br><br>Со регионалниот проект, фотоволтаични системи од 210 и 27,5 киловати се поставени и на Фабриката за вода и на СОУ „Гошо Викентиев“ во Кочани.<br><br>Вкупната вредност на проектот, во кој покрај Кочани се вклучени и општините Штип, Карбинци, Виница и Македонска Каменица, изнесува 13,7 милиони денари, обезбедени преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 година. |
| <br> | **Се асфалтира железничкиот премин кај Ветеринарната станица во Кочани**<br><br>Во завршна фаза се градежните активности за модернизација на преминот на горниот строј на пругата Велес – Кочани, на патниот премин „Ветеринарна станица“, на дел од ул. „Лазар Андонов“ во Кочани.<br><br>Денеска се поставуваше првиот слој асфалт на преминот, откако се постави гумена подлога, за да се олесни минувањето на возилата и да се забрза протокот на сообраќајот.<br><br>Претходно, заврши модернизацијата на преминот преку железничката пруга кај Основниот суд во Кочани, со што веќе се отстранети проблемите што предизвикуваа тешкотии во движењето на возилата на овој дел од улицата „Никола Карев“. |
| | **Јавно осветлување на „Кејската улица“ во Оризари**<br><br>На „Кејската улица“ во Оризари, на 15 фундаменти се поставени метални столбови со светилки, кои веќе се поврзани со јавното осветлување. |

| | |
|---|---|
|  | Според стручните служби наредниов период осветлувањето на новата улица ќе се дооформи со уште десетина електрични столба.<br><br>За изградба на јавното осветлување на дел од улицата „Кеј на револуцијата“ се наменети 2 милиона денари. |
| <br> | **Одбележан 24 Мај – Денот на сесловенските просветители**<br><br>Со свечена програма, ООУ „Свети Кирил и Методиј“ го одбележа патрониот празник.<br><br>На многубројната публика ѝ се обрати в. д. директорката Христина Симова Јовановска, а во словото посветено на сесловенските браќа, беше истакнато нивното огромно значење за македонската писменост и култура.<br><br>Присутните ги поздравија настапите на учениците во училишниот хор, драматизацијата и музичко-ритмичките точки.<br><br>На свеченоста по повод патрониот празник беше прогласена првенката на генерацијата Јована Карова, а пофалена беше ученичката Тамара Атанасова. |
| <br> | **Наградата „Васил Ќортошев“ на 61. ДАФ ја доби тетовската претстава „Момчето со пругасти пижами“**<br><br>Со доделувањето на наградите за најуспешните улоги и претстави, заврши 61. издание на Драмскиот аматерски фестивал.<br><br>Жирито во состав Пеце Ристевски, Елеонора Теова и Ненад Витанов, највисокото фестивалско признание Гран-при „Васил Ќортошев“ ѝ го додели на претставата „Момчето со пругасти пижами“ во изведба на Летечката театарска трупа од Тетово.<br><br>„Ова е најдобрата претстава на овогодишниот ДАФ затоа што во сите театарски сегменти: актерска игра, режија и визуелен идентитет беше на највисоко ниво. Претставата одушеви со искрена енергија, исклучителна партнерска игра и не ја остави публиката рамнодушна“ – стои во образложението на жирито. |





Наградата во категоријата за режија „Борис Стојчев“ ја доби Владимир Јованоски за претставата „Момчето со пругасти пижами“ во изведба на Летечката театарска трупа Тетово од Тетово.

Награда во категоријата за претстава за деца и младинци доби претставата „Валентајн, не благодарам“ во изведба на „Прва проба“ од Скопје.

Наградата за главна женска улога ја доби Веда Мавровска за улогата Живка во претставата „Сомнително лице“ во изведба на Театарската школа „Бабец“ од Битола, а за главна машка улога – Драгослав Бранковиќ за улогата Санда Аризановиќ во претставата „Аризани“ во изведба на Аматерскиот театар „Прокупље“ од Прокупље. Награда за најдобра споредна женска улога доби Лана Басаров за улогата Лана во претставата „Тивки жртви“ во изведба на МДПЦ „Премиера“ од Велес.

Претставата „Убавицата и Ѕверот“ на Домот на културата „Иван Мазов Климе“ од Кавадарци доби награда за комплетен визуелен ефект, а за колективна игра наградата ја доби претставата „Чернодрински се враќа дома“ во изведба на МТЦ „Зона“ од Прилеп.



**Асфалтиран крак од улицата „Кирил и Методиј“ во Оризари**

Заврши асфалтирањето на крак од улицата „Кирил и Методиј“ во Оризари, со вкупна должина од 500 м.

На 400 м е надграден асфалтниот слој, а на останатиот дел е извршено тампонирање и асфалтирање. Улицата е со ширина од 3,5 м.

Изведувач на работите е градежната фирма „Стоименов“ од Кочани, а средствата се обезбедени од Буџетот на Општина Кочани.

## СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ



**Советот на Општина Кочани ја одржа 46. седница**

На 29 мај, Советот на Општина Кочани ја одржа 46. седница, на која го прифати предлогот на Советот на Општина Виница и донесе одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Виница и Општина Кочани.

Членовите на Советот го усвоија Извештајот за реализација на Програмата за локален економски развој во 2023 година и донесоа заклучок за збогатување на програмата „Петровденски конаци“.

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**